РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-191/4
30-05-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-2717/1 од 21.10.2024 година, против ----- -------- вработен во -- ------- ---- --------- -------- -------- на работно место Раководител-Директор, ------ -------, Директор на -- --------- ---- -. - ----- во период до 06.07.2024 година од ------, ------ ------ -- ------- на -- --------- ----- -.- ----- со датум на избор 06.07.2024 година од Скопје и --------- ---------- вработен во дирекцијата на -- ---------- -- --- ------ на работно место помошник Директор на секторот за комерцијално работење, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предмет со исти или слични наводи постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-2717/1 од 21.10.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.10.2024 година, доставена е пријава против ----- -------- вработен во -- ------- ---- --------- -------- -------- на работно место Раководител-Директор, ------ -------, Директор на -- --------- ---- -. - ----- во период до 06.07.2024 година од ------, ------ ------ -- ------- на -- --------- ----- -.- ----- со датум на избор 06.07.2024 година од Скопје и --------- ------------ вработен во дирекцијата на -- ----------

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

----- ------ на работно место помошник Директор на секторот за комерцијално работење, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба, по што ДКСК оформи предмет број 12-2717/1 од 21.10.2024 година.

Дополнително наведено е дека предметната пријава е доставена на надлежно постапување и до Јавното обвинителство на РСМ.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата достави барање до Јавното обвинителство на РСМ за прибирање на податоци и информации дали до обвинителството е поднесена пријава со исти или слични наводи и доколку има, дали е оформен предмет и во која фаза се наоѓа постапувањето, со достава на прилог документација на копија од евентуално донесена јавно обвинителска одлука или друг акт од надлежност на горе наведеното јавно обвинителство.

Од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставено е известување РО бр. 1615/24 од 10.02.2025 година, во кое е наведено дека Основното јавно обвинителство Скопје по доставена пријава од непознат подносител против посочените лица во пријавата, со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување од членот 353 од КЗ има оформено предмет заведен под број РО бр. 1615/24 кој текновно постапувал по истиот и за исходот од своето постапување по донесувањето на Јавно обвинителската одлука или друг акт од надлежност на обвинителството ДКСК ќе биде известена.

Дополнително известува дека од страна на обвинителството издадена е наредба до МВР, БЈБ, СВР- Скопје заради проверка на наводите од пријавата, а за преземените дејствија и извршените проверки да биде известен надлежниот јавен обвинител.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елемети за натамошно постапување од причина што за предмет со исти или слични наводи постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК